Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и член 51 вв со член 50 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.11.2021 година донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД

**1.** За претседател на Управен суд е избран:

- **Бурим Сејдини**, судија на Управен суд.

**2.** Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија."

## О б р а з л о ж е н и е

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на претседател на Управен суд во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.91/21 од 26.04.2021 година.

На објавениот оглас за избор на претседател на Управен суд се пријавија 5 (пет) кандидати кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Советот ја спроведе постапката за избор на претседател на Управен суд согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Согласно Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ, Советот од својот состав формира Комисија која изврши проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на пријавените кандидати по огласот и подготви кандидатска листа.

Советот спроведе психолошки тест за проверка на социјалните способности и тест за интегритет за проверка на етички и морални вредности на кандидатите и ја разгледа доставената програма и акцискиот план на кандидатите за претседател на Управен суд.

**ПРЕДЛОГ ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**за претседател на Управен суд**

| | Име и презиме | Суд во кој работи | Биографија | Судиски стаж на ден 01.07.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | БУРИМ СЕЈДИНИ | Управен суд | 11.02.2004 Правен факултет Скопје<br>20.04.2010 Правосуден испит<br>Јануари 2007 – Март 2013 Секретар општина Зајас<br>02.09.2013 – денес Судија Управен суд<br>2017 – 2021 претседател Управен суд | 07 г. 09 м. 29 д. |
| 2 | ГАЗМЕНД ФЕЈЗУЉИ | Управен суд | 12.06.1997 Правен факултет Загреб<br>19.12.2000 Правосуден испит<br>1999 – 2007 приправник ,стручен соработник,судски советник ОС Тетово<br>31.10.2007 – денес Судија Управен суд | 13г. 07 м. 30 д. |
| 3 | ЕДИТА НАСКОВСКА | Управен суд | 05.04.1995 Правен факултет Скопје<br>17.10.1997 Правосуден испит<br>1996 новинар Дневник<br>1995 – 1998 волонтер стручен соработник ОС Скопје 1<br>1998 – 2007 секретар Драмски театар Скопје<br>2007 – 2008 Министерство за правда на РМ<br>2008 - 2010 член Државна комисија за одлучување по жалби по јавни набавки<br>13.12.2010 – денес Судија Управен суд | 10г. 06 м. 19 д. |
| 4 | ЛУЛЗИМ САЛИУ | Управен суд | 06.07.1991 Правен факултет Приштина<br>12.02.2003 Правосуден испит<br>15.07.1992 – 01.08.2001 инспектор МВР ОВР Тетово<br>01.08.2001 – 15.07.2007 виш инспектор СВР Тетово<br>15.07.2007 – 26.08.2008 виш советник СВР Тетово<br>26.08.2008 – денес Судија Управен суд | 12г. 10 м. 04 д. |
| 5 | СНЕЖАНА ТРПОВСКА | Управен суд | 22.05.1987 Правен факултет Скопје<br>20.04.1990 Правосуден испит<br>1987 – 1988 правник 8-ми Ноември ПТП Неготино<br>1988 – 2000 приправник,стручен соработник АС Скопје<br>12.04.2000 – 07.03.2008 Судија ОС Скопје 2<br>07.03.2008 – денес Судија Управен суд | 21г. 02 м. 19 д. |

На седницата одржана на ден 29.11.2021 година, Судскиот совет гласаше редоследно за предлог листата.

Кандидатот Бурим Сејдини со 12 гласа „ЗА“го доби потребното мнозинство, согласно член 51 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Со 5 гласа „ЗА“ кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Секој член на Судскиот совет со право на глас даде образложение за својата одлука за избор на претседател на суд како што е предвидено во членот 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Бурим Сејдини има вкупен судиски стаж од 7 години, 9 месеци и 29 дена до денот на пријавувањето. Во периодот од јануари 2007 година до март 2013 година работи како секретар во Општина Зајас. За судија на Управен суд е избран на 02.09.2013 година. Во периодот од 2017 до 2021 година ја обавува функцијата претседател на Управен суд.

Имајќи го предвид наведеното, Судскиот совет за претседател на Управен суд го избра кандидатот Бурим Сејдини.

**Бр. 09-1869/1** **СУДСКИ СОВЕТ НА**
**30.11.2021 година** **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Скопје** **Претседател,**
**Павлина Црвенковска**

**Изготвил:** Маја Грозданоска
**Одобрил:** Весна Толева